Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 88, 15 септември 2012 година

септември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Литературата за пијано во романтизмот“ од авторот доцент м-р Емилија Потевска, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот скрипта „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од арнолд бакс“ од доц. м-р Владимир Лазаревски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот со наслов „Наратологија“ од авторот доц. д-р Ранко Младеноски, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СКРИПТА „АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИСКИ ПРОБЛЕМИ ПРИ КАМЕРНОТО МУЗИЦИРАЊЕ ВО КВИНТЕТОТ ЗА ОБОА И ГУДАЧИ ОД АРНОЛД БАКС" ОД ДОЦ. М-Р ВЛАДИМИР ЛАЗАРЕВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како и Одлуката бр.1902-152/7 од редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност, одржана на 16 август 2012 година, се избрани рецензенти:

– проф. м-р Кирил Рибарски, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
– доц. м-р Емилија Потевска, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис-скрипта **„Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс"** од авторот **доц. м-р Владимир Лазаревски** наменет за студентите од прв циклус на студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Добиениот материјал е во форма на ракопис, изработен на компјутер и отпечатен на ласерски печатач, во А4 формат, фонт Arial и големина 12. Истиот има вкупен обем од 25 страници. Насловот на ракописот за скриптата е „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс" и соодветствува со дел од материјалот за предметот Камерна музика 1, кој во наставните програми се предава во III семестар на Вокално-инструменталниот оддел, Катедра за дувачки и жичени инструменти, насока Матичен инструмент. Автор на ракописот е доц. м-р Владимир Лазаревски.

Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број на часови, при што се слуша како задолжителен предмет на Вокално-инструменталниот оддел, Катедра за дувачки и жичени инструменти, насока Матичен инструмент со фонд на часови 2+2+1 во III семестар или вкупно 152 наставни часа.

Структурата на ракописот стрикно се придржува на наставната програма, како можно основно учебно помагало за наведениот предмет кој многу ќе го олесни изучување на наставната содржина на предметот. Авторот се раководел од основната цел да им помогне на студентите во совладувањето на интерпретациските проблеми при камерното музицирање, притоа, нивото и стилот на обработка на материјата се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии.

Ракописот методолошки е структуриран во осум глави кои меѓусебе се надополнуваат и ги покриваат најзначајните теми кои вообичаено се сретнуваат во современата литература од оваа област: 1. Вовед, 2. Анализа и проблеми при интерпретацијата, 3. Врска помеѓу генералната музичка мисла и изведбата на долгите мелодиски линии, 4. Вибрато, 5. Технички пасажи, 6. Артикулација, 7. Динамика, 8. Темпо,

Во **Воведот** авторот нè запознава со информациите за создавањето на Квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс. Даден е опис на обоистот Леон Гусенс, неговите карактеристки како обоист, како и врската со Леон Госенс.

Во втората глава **Анализа и проблеми при интерпретацијата** се прави детална анализа на квинетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс како и се опишува основната улога на обоата, како водечка линија во квинтетот, како и кои изразни средства треба да ги употребува инструменталистот, за да може најдобро да ја оформи музичката слика. Исто така аназлирана е и улогата на гудачите, како и нивниот допринос во заедничкото камерно музицирање.

Во третата глава **Врската помеѓу генералната музичка мисла и изведбата на долгите мелодиски линии,** се анализираат пасторалните каденци во кои доминира обоата, како и се анализираат различните долгите мелодиски линии и нивната врската со генералната музичка мисла.

Во четвртата глава авторот го разгледува **вибратото** и неговите разновидности во квинтетот. Ова камерно дело содржи многу долги мелодиски линии кои им даваат можност на изведувачите и пред се обоистот да користи различни видови вибрато, да го збогатува и обојува тонот. Детално е разгледано употребата на вибратото, амплитудата на вибрацијата, и врзката помеѓу вибратото на обоистот и гудачите.

Во петтата глава се разгледани проблемите кој настануваат при изведба на **техничките пасажи**. Авторот ги анализира техничките проблем зададени како задача на обоистот и неговите камерни партнери од страна на композиторот. Авторот обрнува внимание на спецификите при изведбата на каденците, тешкотиите во различни регистри, синхронизацијата помеѓу прстите и дишењето. Посебно е опфатен делот за проблемите кај распоредување на воздушната струја и влијанието на дишењето кај извдебата на технички пасажи.

Во шестата глава е анализирана **артикулацијата** како едно од најважните изразни средства во музиката. Во овој дел се разгледани задачите и проблемите кои авторот ги поставува кај музичарите како артикулација и тоа: сврзување и оделување на тоновите во легато, тенути, стакато, портато, атака и акценти.

Во седмата глава е анализирана **динамиката,** како основен уметнички елемент при изведбата на музичкото дело, како средство за потенцирање на чуствата и создавање контрасти помеѓу камерните делници. Истотака е анализирана улогата на сите компоненти на динамиката, во врска со еспресијата и карактерот на секоја фраза.

Во последниот дел е разгледнао **темпото** како музичко изразно средство кое ни ја определува брзината на изведбата на дадената музичка мисла. Авторот укажува дека темпото има и основна фунција и учествува како главен фактор на во изведбата заедно со другите компоненти како динамика, артикулација и др. Во квинтетот на Арнолд Бакс темпото е анализирано не само како фраза која се одвива во времето со одредена брзина, но и како средство, кое го оформува карактерот на музиката. Во овој дел разгледан е и проблемот со изборот на правилното темпо, кое пак зависи од добриот вкус и осет за интерпретација на инструменталистите.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите и е во согласност со студиската програма Матичен инструмент на Факултетот за музичка уметност и како таков е соодветен да се користи како учебно помагало (СКРИПТА) по предметот Камерна музика 1.

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис - скрипта „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс” од авторот доц. м-р Владимир Лазаревски претставува одлична скрипта која на студентите многу ќе им го олесни изучувањето на наставната содржина по предметот Камерна музика 1. Авторот се раководел од основната цел да им помогне на студентите во совладувањето на интерпретациските проблеми при камерното музицирање, притоа нивото и стилот на обработка на материјата се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план за предметот Камерна музика 1 на Факултетот за музичка уметност за студентите од Вокално-инструменталниот оддел – Матичен инструмент и истовремено приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта, пропишани според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс” од авторот доц. м-р Владимир Лазаревски да биде објавена како електронска скрипта за потребите на студентите на Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Кирил Рибарски, с.р.**
**Доц. м-р Емилија Потевска, с.р.**